Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 15–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 10 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Адмир Шабани

# ЗАПИСНИК

од петнаесетата седница на Државната изборна комисија

Петнаесетата седница на Државната изборна комисија се одржа на 10 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14.30 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Поради оправдани причини, на седницата не присуствуваше членот на ДИК Виолета Дума.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Разгледување и усвојување на записниците од 4-та, 5-та ,6-та, 7-та, 8-та, 9-та, 10-та; 11-та, 12-та, 13-та и 14-та седница на Државната изборна комисија;**

2. **Процедури за заштита на пренос на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список.;**

3. **Јавен оглас за вработување на 5 (пет) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во Државната изборна комисија;**

4. **Предлог-одлука за избор на трет ИТ тим по препорака од IFES;**

5. **Разно.**

Во врска со дневниот ред, за збор се јавија Потпретседателот на ДИК Реџеп Прекопуца и членот на ДИК Бедредин Ибраими, кои што побараа точката 3 од дневниот ред да се дополни и да гласи :

Јавен оглас за вработување на 5 (пет) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во Државната изборна комисија и 6(шест) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.

Предлогот беше прифатен од страна на Комисијата, со тоа што едногласно беше усвоен следниот дневен ред:

1. **Разгледување и усвојување на записниците од 4-та, 5-та ,6-та, 7-та, 8-та, 9-та, 10-та; 11-та, 12-та, 13-та и 14-та седница на Државната изборна комисија;**

2. **Процедури за заштита на пренос на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список.;**

3. **Јавен оглас за вработување на 5 (пет) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во Државната изборна комисија и 6(шест) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.**

4. **Предлог-одлука за избор на трет ИТ тим по препорака од IFES;**

5. **Разно.**

**Точка 1**

Комисијата ги разгледа записниците од 4-та, 5-та ,6-та, 7-та, 8-та, 9-та, 10-та; 11-та, 12-та, 13-та и 14-та седница на Државната изборна комисија, при што за збор се јавија Потпретседателот на ДИК Реџеп Прекопуца и членот на ДИК Силвана Бонева, кои што укажаа дека имаат забелешки во врска со записникот од 12-та седница и побараа да се изврши исправка на истиот.

Во врска со записникот од 12-та седница Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, предложи истиот да не се усвои на денешната седница односно да биде корегиран, истиот ќе биде усвоен на првата наредна седница.

Комисијата го прифати предлогот на Претседателот на ДИК Александар Чичаковски.

Со оглед на тоа дека за останатите записници од седниците на ДИК немаше никакви забелешки од страна на Комисијата истите беа ставени на усвојување.

**Комисијата едногласно ги усвои записниците од 4-та, 5-та ,6-та, 7-та, 8-та, 9-та, 10-та; 11-та, 13-та и 14-та седница на Државната изборна комисија**

**Точка 2**

Образложение во врска со Процедурите за заштита на пренос на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список, даде Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, при што укажа дека документот кој е доставен до Комисијата е изготвен од страна на ИТ консултантите, со цел да се утврдат чекорите за пренос на добиените податоци од институциите и да се утврдат постапки за заштита на истите, поради тоа побара Комисијата да донесе заклучок за утврдување на процедури за импортирање и заштита на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список.

Во врска со Процедурите за заштита на пренос на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список, членот на ДИК, Субхи Јакупи, предложи доделениот документ да се доработи, со тоа што на истиот да се стави основата според кои се носи истиот од Изборниот законик и Привремениот деловник за работа на Државната изборна комисија, со цел да ја добие формата на акт кој го носи ДИК.

Предлогот на членот на ДИК, Субхи Јакупи беше прифатен од Комисијата и од страна на Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски и беше наложено на службата истиот да го доработи.

Откако на Комисијата им беше поделен документ во кои беа вметнати предлозите на членот на ДИК Субхи Јакупи, се пристапи кон усвојување на заклучок за утврдување на процедури за импортирање и заштита на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список.

**Комисијата едногласно го усвои заклучокот за утврдување на процедури за импортирање и заштита на базите на податоци кои ќе се користат при вкрстени проверки на Избирачкиот список.**

**Точка 3**

Образложение во врска јавниот оглас за вработување на 5 (пет) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во Државната изборна комисија и 6(шест) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија, даде Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, при што укажа дека од страна на Министерството за финансии е добиена согласноста за вработување на пет извршители во Државната изборна комисија односно во делот на правната служба, додека за останатите 6 работни места по подрачните одделенија и канцеларии на ДИК сеуште се чека согласноста.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, предложи да се донесе одлука за објавување на јавниот оглас но истиот да не се објави се додека не се добие согласноста од Министерството за финансииза сите барани работни места.

**Предлогот на г. Ибраими беше прифатен од страна на Комисијата.**

**Комисијата едногласно донесе заклучок за објавување на јавен оглас за вработување на 5 (пет) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во Државната изборна комисија и 6(шест) извршители на определено време во траење до 31 декември 2016 година, во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија.**

**Точка 4**

Образложение по Предлог-одлуката за избор на трет ИТ тим по препорака од IFES, даде Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, при што укажа дека од страна на IFES, е доставен предлогот за ИТ компанија/експерт и од нивна страна е предложено лицето Хусеин Рокчевиќ, за кое што имаат доставено и CV.

Комисијата ја разгледа Предлог-одлуката за избор на трет ИТ тим по препорака од IFES и со оглед на тоа дека немаше забелешки на истата одлуката беше ставена на усвојување.

**Комисијата едногласно ја усвои одлуката за избор на трет ИТ тим по препорака од IFES.**

**Точка 5 –Разно**

Членот на ДИК, Силвана Бонева, побара ДИК да донесе заклучок за започнување на импортирањето на базите на податоци добиени од другите институции за вкрстени проверки во Избирачкиот список, со оглед на тоа дека се исполнети сите услови таа постапка да започне, бидејки од повеќето институции до ДИК се доставени бараните податоци.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, укажа дека треба да се формира комисија од членовите на ДИК која ќе го изврши примо-предавањето на базите на податоци со ИТ консултантите односно компаниите кои ќе ги работат вкрстените проверки, и за предавањето на базите на податоци да се изготви записник, поради тоа предложи да се пристапи кон изготвување и потпишување на такоцв записник.

**Предлогот беше прифатен од страна на Комисијата.**

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**15-та седница на ДИК заврши во 15:50 часот**

**Број** 08-390/2
11.02.**2016**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Чичаковски**

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*